# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 6 октомври, 1984
Скопје
Број 31 Год. XL

Претплатата за 1984 година изнесува 1.500 динари. Овој број чини 30 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


3682 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ 91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

**358.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО

Се прогласува Законот за рибарството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 септември 1984 година.

Бр. 08-2436
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА РИБАРСТВО

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува стопанисување со рибниот фонд во риболовните води и неговата заштита.

Член 2

Под рибен фонд, во смисла на овој закон, се подразбираат рибите, раковите, школките, жабите, пијавиците и другите корисни животни што живеат во риболовните води.

Риболовни води се: природните водотеци и езера, вештачките езера (акумулациите), каналите и водите што настануваат од поплави.

Под стопанисување со рибниот фонд, во смисла на овој закон, се подразбира одгледување и ловење на риби и другите корисни животни од став 1 на овој член во риболовните води.

Под заштита на рибниот фонд, во смисла на овој закон, се подразбира здравствена заштита на рибите и другите корисни животни од став 1 на овој член и одржувањето на определена биолошка рамнотежа во риболовните води.

Член 3

Рибниот фонд во риболовните води е добро од општ интерес.

Член 4

Одредбите на овој закон за сузбивање на рибните болести, забрана на порибување со болен рибен подмладок или болна икра, внесување во риболовните води на нови видови риби и други организми, како и прометот со риба се однесуваат и на рибите во рибниците и двоорните аквариуми.

Под рибник и дворен аквариум, во смисла на овој закон, се подразбира ограден и технички уреден простор наменет за одгледување и производство на риба, кој може по потреба да се полни и празни со вода.

Член 5

Со стопанисување со рибниот фонд и неговата заштита (рибарство) може да се занимаваат организации на здружениот труд регистрирани за вршење работи во рибарството, како и организации на спортски риболовци.

Граѓанско-правни лица и граѓани со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните можат да одгледуваат и произведуваат риби на начин утврден со овој закон.

Член 6

Риболовот може да биде стопански, спортски и за научно-истражувачки цели.

Стопански риболов се врши и заради стекнување на доход.

Спортски риболов се врши со определени риболовни средства за спортски цели и рекреација.

Риболов за научно-истражувачки цели може да се врши во ограничени количества и за наменска употреба. За време на ловостој, риболовот за овие цели се врши врз основа на посебна дозвола, со тоа што уловените риби можат да се употребуваат само за вршење на научно-истражувачки цели кои се во функција на унапредувањето на рибарството и пополнување, односно одржување на колекциите во природно-научните музеи.

Член 7

Со рибниот фонд се стопанисува на начин со кој се обезбедува трајна репродукција, рационално користење и заштита на рибниот фонд и унапредување на рибарството во риболовните води.

### II. СТОПАНИСУВАЊЕ СО РИБНИОТ ФОНД

Член 8

Заради стопанисување со рибниот фонд, на риболовните води се образуваат риболовни подрачја, риболовни потподрачја и риболовни ревири.

Член 9

Риболовно подрачје е водна средина која претставува еколошка, хидрографска и економска целина и има услови за рационално стопанисување со рибниот фонд.

Риболовни подрачја се:

— Охридското Езеро, заедно со изворите на Црн Дрим кај Свети Наум, каналот „Студенчишта" од Билјанините извори до вливот во езерото и реката Црн Дрим низводно до дављанот во Струга;

— Преспанското Езеро;

— Дојранското Езеро и

— акумулации на кои, според условите утврдени со овој закон, може да се организира стопански риболов.

Риболовните подрачја од алинеите 1, 2 и 3 на став 2 на овој член се посебно заштитени води.

Член 10

Риболовно потподрачје може да се образува на риболовно подрачје кое се протега на подрачјето на две општини.

Риболовно потподрачје е водна средина која претставува само дел од риболовното подрачје и овозможува самостојно и рационално стопанисување

со рибниот фонд, под услов со тоа да не се нарушува целината на постојната биолошка заедница на риболовната вода.

Границата на риболовните потподрачја се определува според подрачјето на општината.

Член 11

Рибниот фонд од риболовното подрачје или риболовното потподрачје, општината го дава на стопанисување без надоместок на една организација на здружениот труд која стопанисува со рибен фонд, и:

— е регистрирана за вршење на риболов;

— е оспособена да порибува и презема мерки за заштита и зголемување на рибниот фонд;

— има најмалку еден работник со $VII_1$ степен висока школска подготовка, која се стекнува на Земјоделски факултет (првенствено сточарски смер) или Биолошки факултет и

— има квалификувани работници што се оспособени за вршење на риболов.

Член 12

Рибниот фонд во акумулацијата општината го дава на стопанисување на организација на здружениот труд што управува со односната акумулација, доколку ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Доколку организацијата од став 1 на овој член не ги исполнува условите, рибниот фонд од акумулацијата, општината го дава на стопанисување на друга организација на здружениот труд која ги исполнува условите утврдени со овој закон, а по исклучок, на заинтересирана организација на спортски риболовци.

Стопанисувањето со рибниот фонд во акумулацијата мора да се приспособи на режимот на полнењето и празнењето на акумулацијата определен со основната намена за која е изградена акумулацијата.

Член 13

Риболовен ревир е риболовна вода која може самостојно да се користи за спортски риболов.

Границите на риболовниот ревир на своето подрачје ги определува општината.

Рибниот фонд од риболовниот ревир општината го дава на стопанисување, без надоместок, на една организација на спортски риболовци.

Заради заокружување на ревирот како биолошка и хидрографска целина, обединување на средствата и спроведување на единствени заштитни мерки на рибниот фонд, општините можат риболовните води што се протегаат на подрачје на две или повеќе општини, спогодбено да ги прогласат за единствен риболовен ревир.

Единствениот риболовен ревир собранијата на општините спогодбено го даваат на стопанисување на една организација на спортските риболовци.

Член 14

Рибниот фонд од риболовниот ревир на подрачјето прогласено за национален парк, собранието на општината го дава на стопанисување на организацијата на здружениот труд која управува со националниот парк.

Член 15

Со рибниот фонд што општината нема да го даде на стопанисување на организација на здружениот труд од член 11, односно на организација на спортски риболовци од член 13, управува општината.

Член 16

Меѓусебните права и обврски на општината и организацијата на која рибниот фонд од риболовното подрачје, потподрачје, односно ревир и се дава на стопанисување, се утврдуваат со договор во траење од најмалку пет години.

Со договор од став 1 на овој член се утврдува обврска со која организацијата на здружениот труд од член 11 на овој закон е должна да издвојува средства за унапредување на рибниот фонд во висина што секоја година ќе ја утврдува собранието на општина.

Средствата од став 2 на овој член се издвојуваат на посебна сметка и се користат само за спроведување на мерки за унапредувањето на рибниот фонд.

Член 17

Организацијата на здружениот труд, односно организацијата на спортските риболовци на која рибниот фонд од риболовното подрачје, потподрачје, односно ревир и е даден на стопанисување, односно општината кога таа во смисла на член 15 од овој закон управува со рибниот фонд, донесува повеќегодишен план на мерки за унапредување и користење на рибниот фонд на подрачјето, потподрачјето, односно ревирот (основен план) и тоа во рок од една година од склучувањето на договорот од член 16 на овој закон.

Основниот план се донесува за целото риболовно подрачје, односно ревир со важност од најмалку 5 години.

За риболовно подрачје со две риболовни потподрачја, се изработува единствен основен план за унапредување, користење и заштита на рибниот фонд, кој спогодбено го донесуваат организациите на здружениот труд на кои риболовните потподрачја им се дадени на стопанисување.

За ревирот кој се протега на подрачјето на две или повеќе општини од член 13 став 3 на овој закон, организациите на спортските риболовци, спогодбено донесуваат единствен план.

Доколку организациите од ставовите 3 и 4 на овој член спогодбено не донесат план, Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство привремено ќе им забрани да го користат рибниот фонд.

Член 18

Основниот план се изработува врз основа на постојните биолошки, економски и технички услови на риболовното подрачје, односно ревирот, а особено содржи·

— основни карактеристики на риболовните води на риболовното подрачје, односно ревир;

— состојбата на рибниот фонд и за кои цели ќе се користи (стопански, односно спортски);

— мерки за одгледување, заштита и користење на рибниот фонд, како и постапката за спроведување на тие мерки;

— мерки за уништување на штетните животни;

— количество на дозволениот улов по видови на риби врз основа на годишниот прираст и мерките за зголемување и заштита на рибниот фонд;

— количеството на подмладокот, времето и начинот на порибување на риболовната вода и мерки за заштита на рибните плодишта и

— финансиски средства потребни за спроведување на мерките и начинот на нивното обезбедување.

Член 19

Врз основа на основниот план, организацијата на здружениот труд и организацијата на спортските риболовци што стопанисува со рибниот фонд, донесува годишен план за стопанисување најдоцна два месеци пред почетокот на годината за која се донесува годишниот план.

Годишниот план од став 1 на овој член особено содржи: план за улов на риби по количество и видови, за порибување на риболовната вода и за примена на други мерки и акции во врска со стопанисувањето со рибниот фонд, како и финансиските средства за неговото реализирање.

Член 20

На основниот и годишниот план за стопанисување со рибниот фонд на риболовното подрачје, односно ревир, согласност дава собранието на општината по претходно мислење од соодветна научна и стручна организација од областа на рибарството.

Кога риболовното подрачје, односно ревир се протега на две или повеќе општини, согласност од став 1 на овој член даваат собранијата на тие општини.

На основниот и годишниот план за стопанисување со рибниот фонд на посебно заштитените води, согласност дава собранието на општината по претходно мислење од организацијата надлежна за заштита на природните реткости, а за Охридското Езеро и од Хидробиолошкиот завод.

Член 21

Непосредна заштита на рибниот фонд во риболовните води организациите од член 11 и општината на своето риболовно подрачје, ја вршат преку чувари на риболовот.

Чуварите на риболовот имаат легитимација на чувар на рибниот фонд, односно посебно овластување доколку се задолжат и други лица наведени во став 2 на овој член.

Претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе донесе поблизок пропис за начинот на вршењето на рибарско-чуварската служба, како и образец на легитимацијата за чувар на риболовот.

Член 22

Правото на стопанисување со рибниот фонд на риболовното подрачје, потподрачје, односно ревир може да ѝ се одземе на организацијата на здружениот труд која стопанисува со рибниот фонд, односно организацијата на спортските риболовци ако:

— стопанисувањето со рибниот фонд не го врши во согласност со одредбите на овој закон;

— нема изработено основен и годишен план за стопанисување со рибниот фонд и

— не ги спроведува мерките и акциите предвидени со основниот и годишниот план или со договорот од став 1 на член 16 на овој закон.

На организацијата од став 1 на овој член и припаѓа надоместок за вложените средства за трајно зголемување на вредноста на рибниот фонд во риболовното подрачје, потподрачјето, односно ревирот и за неамортизираниот дел од изградените објекти и опрема на тоа подрачје, потподрачје, односно ревир.

Надоместокот од став 2 на овој член го плаќа организацијата на која ќе ѝ се даде на стопанисување рибниот фонд на односното подрачје, потподрачје, односно ревир.

## III. ВИДОВИ НА РИБОЛОВ

### 1. Стопански риболов

Член 23

Стопански риболов се врши на риболовните подрачја и на риболовните потподрачја.

Стопански риболов можат да вршат организации на здружениот труд кои се занимаваат со рибарство.

Граѓанско-правни лица и граѓани со личен труд и средства на кои постои право на сопственост можат да одгледуваат и произведуваат риба ако имаат рибник чиј капацитет обезбедува производство на риба до 50 тони годишно и доследно се придржуваат до сите пропишани норми за здравствена заштита на рибите.

Член 24

Заради обезбедување контрола на дневниот улов организацијата на здружениот труд која стопанисува со рибниот фонд е должна да определи пунктови за предавање на рибата на риболовците.

Пунктовите за предавање на риби мора да бидат хигиенско-технички опремени за прифаќање на уловената риба

Хигиенско-техничките услови од став 2 на овој член ги пропишува собранието на општината.

Член 25

Организацијата на здружениот труд која стопанисува со рибниот фонд, на вработените кои непосредно учествуваат во риболовот им издава легитимација.

Претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише образецот на легитимацијата за стопански риболов.

### 2. Спортски риболов

Член 26

Спортски риболов можат да вршат граѓани (спортски риболовци).

Спортски риболов може да се врши на риболовни подрачја, потподрачја и ревири во текот на целата година, освен:

— на изворите на Црн Дрим кај Свети Наум до нивното влевање во Охридското Езеро;

— на пристаништето во Охрид и од каналот Студенчишта до населбата „Канео“ во периодот од 1 октомври до 31 март и

— во зоната на мандрите на Дојранското Езеро која се протега од месноста „Топлец“ до месноста „Цилевото ловиште“ во периодот од 1 ноември до 31 март.

Член 27

Спортски риболов не може да се врши заради стекнување на доход, ставање риба во промет, како и ловење на поголеми количества риба од количеството определено од организацијата на здружениот труд, односно организацијата на спортските риболовци што стопанисуваат со рибниот фонд.

Член 28

Организацијата која стопанисува со рибниот фонд во риболовното подрачје, односно потподрачје, е должна на тоа подрачје, односно потподрачје да дозволи вршење на спортски риболов, освен за време на ловостојот и местата определени со член 26 став 2 од овој закон.

Правата на спортските риболовци и условите под кои тие права можат да ги остваруваат, се утврдуваат со договор меѓу организацијата од став 1 на овој член и организацијата на спортските риболовци.

Ако организациите од став 2 на овој член не се договорат во поглед на висината на надоместокот за издадената дозвола и другите услови за вршење на спортски риболов, по спорните прашања одлучува општинскиот орган на управата надлежен за рибарство.

Член 29

Со право на вршење спортски риболов граѓаните се здобиваат врз основа на дозвола.

Дозволата за спортски риболов на риболовното подрачје, односно потподрачје ја издава организацијата што стопанисува со рибниот фонд на тоа подрачје, односно потподрачје, а дозволата за спортски риболов во ревирот ја издава организацијата на спортските риболовци.

За вршење на спортски риболов на риболовното подрачје, односно потподрачје или ревир, чиј рибен фонд не е даден на стопанисување на организација на здружениот труд која стопанисува со рибниот фонд или организација на спортски риболовци, дозволата ја издава општинскиот орган на управата надлежен за работите на рибарството.

Дозволата се издава со важност од една календарска година (годишна дозвола), од 15 дена (петнаесетдневна дозвола), од 7 дена (седумдневна дозвола) или од еден ден (еднодневна дозвола).

Член 30

Организациите на здружениот труд кои стопанисуваат со рибниот фонд во риболовните подрачја и потподрачја, како и организациите на спортските риболовци, должни се да водат евиденција за издадените дозволи за вршење на спортски риболов.

Претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише образецот на дозволата за спортски риболов.

Член 31

Годишната дозвола се издава на лице кое наполнило 18 години и е член на некоја организација на спортските риболовци.

Член 32

За издадената дозвола за вршење спортски риболов се плаќа надоместок. Висината на надоместокот за дозволата од став 1 на член 29 од овој закон ја определува организацијата која стопанисува со рибниот фонд, односно организацијата на спортските риболовци, по претходна согласност од собранието на општината, а надоместокот за дозволата од став 3 на член 29 на овој закон го определува општината.

Член 33

Организацијата која стопанисува со рибниот фонд го определува количеството на дневниот улов на спортските риболовци.

Заради овозможување на повремена контрола на уловената риба, организацијата на здружениот труд од став 1 на овој член е должна однапред да ги определи и јасно обележи пунктовите преку кои спортските риболовци треба да поминат по завршувањето на спортскиот риболов.

Член 34

Организацијата која стопанисува со рибниот фонд, односно граѓаните кои имаат право да вршат риболов, можат да пристапат до местото на риболовот преку одредени патеки што се наоѓаат покрај риболовната вода и имаат право на употреба на земјиштето со најмногу два метра од брегот на риболовната вода.

**3. Риболов во меѓудржавните води, водите кои ја чинат меѓународната граница и посебно заштитените води**

Член 35

Стопанисувањето со рибниот фонд и неговата заштита во меѓудржавните води и водите кои ја чинат меѓународната граница, како и во посебно заштитените води, ќе се врши во согласност со обврските на Републиката што произлегуваат од меѓудржавните договори на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со соседните земји и прописите за природните реткости.

**4. Риболов за научно-истражувачки цели**

Член 36

Риболов за научно-истражувачки цели за време на ловостој може да се врши во сите риболовни води врз основа на посебна дозвола што ја издава претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дозволата од став 1 на овој член за посебно заштитените риболовни води се дава по претходно мислење на организацијата надлежна за заштита на природните реткости и соодветна научна и стручна организација.

Во дозволата за риболов од ставовите 1 и 2 на овој член се означува во кој случај и во кој обем може да се отстапи од утврдениот ловостој, предвидената големина на рибите, употребата на риболовни средства и слично.

**5. Средства за вршење на риболов**

Член 37

Стопански и спортски риболов може да се врши со дозволени риболовни средства.

Како дозволени риболовни средства, во смисла на овој закон, се сметаат и средствата со чија помош ловењето на рибата станува подостапно, како што се сите видови на чамци и вонкрмниот мотор.

Како средство за риболов, во смисла на овој закон, се смета и глисерот, доколку се користи за прикривање и транспорт на бесправно уловена риба над количества определени со овој закон.

IV. ПРОИЗВОДСТВО НА МАТИЧЕН И РЕПРОДУКЦИОНЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 38

Со производство на матичен и репродукционен материјал за порибување на риболовните води, може да се занимава само организацијата на здружениот труд која има:

— најмалку еден работник со $VII_1$ степен школска подготовка која се стекнува на Земјоделски факултет (првенствено сточарски смер) или Биолошки факултет;

— квалификувани рибарски работници и

— објекти за производство на репродукционен материјал.

Врз основа на посебно барање, во кое се содржани и докази дека се исполнети пропишаните услови во став 1 на овој член, Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, на организацијата на здружениот труд што ќе поднесе такво барање ѝ издава дозвола за производство на матичен и репродукционен материјал за порибување на риболовните води.

V. ЗАШТИТА НА РИБНИОТ ФОНД ВО РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ

Член 39

Организацијата која стопанисува со рибниот фонд врши заштита и унапредување на рибниот фонд, како и презема мерки за спречување и сузбивање на рибни болести и штетници.

Член 40

Внесување во риболовните води на нови видови риби и други организми, што во тие води дотогаш ги немало, може да се врши со одобрение од Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно мислење од соодветни научни и стручни институции и организацијата надлежна за заштита на природните реткости.

Член 41

Заради заштита на риболовните води од неконтролирано внесување на нови видови риби и други организми е забрането ставање во промет на такви риби и организми во жива состојба.

Член 42

Собранието на општината, по прибавено мислење од соодветна научна и стручна организација, може одделни делови од риболовните води да ги прогласи за природни рибни плодишта и да пропише посебни мерки за заштита на тие плодишта.

Член 43

Во риболовните води е забрането:

1. Ловење риби за време мрестење на рибите, ловење на риби за време на ловостој;

2. Ловење риби под одредена големина;

3. Ловење риби со ости, огнено оружје, експлозив или хемиски средства и други риболовни средства кои ги убиваат, трујат или ги зашеметуваат рибите;

4. Ловење риби непосредно со раце;

5. Порибување на риболовната вода со болни риби, рибен подмладок или болна икра;

6. Преградување на риболовната вода со трајни или повремени прегради кои го спречуваат преминувањето на рибите. Доколку со изградбата на соодветни објекти за зафаќање на вода за наводнување и за други стопански потреби се предвидува времено или трајно преградување на водниот тек на риболовните води, организацијата на здружениот труд (инвеститор) што го гради таквиот објект должна е за тоа навремено да го извести спортското риболовно друштво од тој риболовен ревир, заради заедничко преземање на соодветни мерки за заштита на рибите;

7. Затворање, скршнување или исцрпување на риболовната вода со водостопански објекти и постројки за кои не е издадена водостопанска согласност, односно водостопанска дозвола, ако тоа може да предизвика опасност за опстанокот на рибите;

8. Ловење риби со електрична струја, освен во случаите што ги определува Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство;

9. Ставање во промет на живи риби, кои не се застапени во риболовните води во СР Македонија, со исклучок на оние кои се наменети за аквариумско одгледување;

10. Ловење риби чие ловење е трајно или времено забрането;

11. Сечење на трски без претходна согласност на општината;

12. Ловење риби ноќно време и

13. Ловење риби со повеќе блинкери од дозволениот број.

Општината ги определува часовите кои во смисла на овој закон се подразбираат како ноќно време.

По исклучок од точка 3 на овој член со ости може да се ловат риби со одобрение од Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Забраните од став 1 на овој член ќе се применуваат на сите животни кои во смисла на став 1 од член 2 на овој закон го сочинуваат рибниот фонд, освен за раковите, жабите и пијавиците.

Член 44

Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе донесе поблиски прописи за:

— ловостој за одделни видови риби и ракови и ограничување на уловот за време на ловостој;

— видови на риболовни средства што можат да се употребуваат за вршење на стопански и спортски риболов, како и ограничување на употребата на одделни риболовни средства за стопански и спортски риболов;

— големината на рибите под која не смеат да се ловат и

— ловење на ретки и проредени видови риби на одделни делови на води или сите риболовни води.

Член 45

Лицата кои ќе сторат штета на рибниот фонд во риболовните подрачја, потподрачја и ревирите се должни да ја надоместат штетата на организациите на здружениот труд и организациите на спортските риболовци кои стопанисуваат со рибниот фонд.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член се утврдува врз основа на ценовник што го донесува организацијата на здружениот труд, односно организацијата на спортските риболовци кои стопанисуваат со рибниот фонд во риболовните подрачја, потподрачја и ревири по претходна согласност на општината.

Доколку риболовното подрачје, потподрачје, односно ревирот се наоѓа на подрачјето на две или повеќе општини ценовникот од став 2 на овој член го донесува организацијата на здружениот труд, односно организацијата на спортски риболовци по претходна согласност на собранијата на општините.

Средствата од надоместокот за риболовната штета од став 1 на овој член се користат за намените определени со годишниот план на организацијата која стопанисува со риболовното подрачје, потподрачје, односно ревирот.

Член 46

Организациите на здружениот труд кои стопанисуваат со рибниот фонд во риболовното подрачје и потподрачје и организациите на спортските риболовци, се должни на сопствениците на земјоделското земјиште да ја надоместат штетата причинета со вршење на риболовот.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член се утврдува врз основа на ценовник што го донесува организацијата на здружениот труд која стопанисува со рибниот фонд во риболовното подрачје, односно организацијата на спортските риболовци по претходна согласност на собранието на општината.

## VI. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 47

Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него го вршат инспектори за рибарство, а во општините каде што нема организирана посебна рибарска инспекција, земјоделската односно сточарската инспекција.

Надзорот над сузбивањето на рибните болести го врши општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарната инспекција.

Член 48

Во вршењето на надзор, овластениот инспектор, покрај општите овластувања што ги има со посебните прописи за односната инспекција, е овластен и за:

1. вршење преглед на уловот на чамците и другите средства со кои се врши риболов, на легитимациите за вршење на стопански риболов и на риболовните дозволи за вршење на спортски риболов;

2. вршење преглед на објектите, пунктовите за хигиенско примање на рибата, деловните простории и книгите за евиденција за уловеното количество риба на организациите што стопанисуваат со рибниот фонд или што ставаат во промет риби;

3. привремено одземање на уловот, одземање на легитимацијата за стопански риболов и дозволата за спортски риболов, како и на риболовните средства и

4. вршење контрола на потеклото на рибите во угостителските објекти.

Член 49

Ако органот од член 48 на овој закон не изврши некоја од работите од својата надлежност таа работа ќе ја изврши републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарската, односно земјоделската инспекција, односно за ветеринарната инспекција, на товар на општината чиј орган бил должен таа работа да ја изврши.

Член 50

Непосредните учесници во риболовот се должни по барање на надлежните инспекциски органи и други овластени лица да ја покажат риболовната легитимација, односно дозвола.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Со парична казна од 5.000 до 100.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружениот труд која:

1. — лови риба на риболовни подрачја, потподрачја, односно ревири кои не ѝ се дадени на стопанисување (член 11);

2. — не донесе основен план или не донесе годишен план (член 17 став 1 и член 19 став 1);

3. — не определи пунктови за предавање на рибата и истите не ги опреми за хигиенски прием и контрола на дневниот улов на риба (член 24 став 1);

4. — произведува матичен и репродукционен материјал за порибување на риболовните води, а не ги исполнува пропишаните услови (член 38);

5. — без одобрение ќе внесе во риболовните води риби и други организми кои во таа вода дотогаш ги немало (член 40);

6. — лови риби за време на мрестење на рибите, ловостој и трајна, односно времена забрана, лови риби под одредена големина, со ости, со огнено оружје, експлозив, хемиски средства и струја или други риболовни средства кои ги убиваат, трујат или зашеметуваат рибите (член 43 став 1 точки 1, 2, 3, 8 и 10);

7. — ја порибува риболовната вода со болни риби, рибен подмладок или болна икра (член 43 точка 5) и

8. — врши преградување на риболовната вода, а не го известила спортското риболовно друштво (член 43 точка 6).

Со парична казна од 1.000 до 5.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд.

Член 52

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на спортските риболовци која:

1. — не ќе донесе основен план (член 17 став 1);

2. — не ќе донесе годишен план во предвидениот рок (член 19 став 1);

3. — без одобрение внесува во риболовните води риби и други организми што во таа вода дотогаш ги немало (член 40) и

4. — порибува риболовна вода со болни риби, рибен подмладок или болна икра (член 43 став 1 точка 5).

Со парична казна од 1.000 до 5.000 ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на спортските риболовци.

Член 53

Со парична казна од 10.000 до 20.000 динари и со казна затвор во траење од 15 до 60 дена ќе се казни рибарскиот работник кој нема да го предаде целиот дневен улов на риби или ја става уловената риба во промет и доколку дејствијата не претставуваат кривично дело (член 24 став 1).

Член 54

Со парична казна од 5.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на здружениот труд, односно организацијата на спортските риболовци која своите работници кои непосредно учествуваат во вршењето на риболовот и граѓаните не ги снабди со легитимација за стопански риболов, односно дозвола за вршење на спортски риболов (член 25 став 1, член 29 ставови 2 и 3 и член 31);

Со парична казна до 2.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд.

Член 55

Со парична казна од 5.000 до 20.000 динари и со казна затвор од 15 до 60 дена ќе се казни за прекршок рибарски работник, спортски риболовец или граѓанин ако врши риболов за време на мрестење на рибите и за време на ловостој, како и ако става риба во промет (член 43 став 1 точки 1 и 3 и член 27).

Член 56

Со парична казна од 5.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок спортски риболовец или граѓанин ако·

1. лови риби чие ловење е трајно или времено забрането (член 43 став 1 точка 10);

2. преградува риболовни води со трајни или привремени огради (член 43 точка 6);

3. сече трска без претходна согласност (член 43 точка 11) и

4. лови риба ноќно време (член 43, точка 12).

Член 57

Со парична казна од 5.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок спортски риболовец или граѓанин кој:

1. лови риба без дозвола или одбие да ја покаже дозволата на инспекцискиот орган или друго овластено лице (членови 29 и 50);

2. лови риби над определено количество (член 27);

3. лови риби под одредена големина (член 43 став 1 точка 2);

4. лови риби непосредно со раце (член 43 став 1, точка 4);

5. ќе се најде да врши прикривање и транспорт на бесправно уловена риба (член 37) и

6. лови риби со повеќе блинкери од дозволениот број (член 43 став 1 точка 13).

Член 58

За сторените прекршоци од членовите 55, 56 и 57 став 1 точки 1, 2, 3 и 5 на овој закон, покрај паричната казна, односно казна затвор ќе се изрече и заштитна мерка одземање на уловот и риболовните средства со кои е сторен прекршок.

Заштитната мерка од став 1 на овој член одземање на риболовното средство од член 37 став 3 на овој закон ќе се изрече и ако граѓанинот ја прикрива и транспортира бесправно уловената риба во количество повеќе од 10 кг или за помало количество риба од 10 кг ако прекршокот го сторил во повраат.

Член 59

За прекршок од членовите 56 и 57 став 1 точки 1, 2. 3 и 4 на овој закон ќе се казни родителот, односно старателот на малолетникот што го сторил прекршокот, ако ја пропуштил должноста за грижа на малолетникот.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 60

Организациите на здружениот труд кои стопанисуваат со рибниот фонд и организациите на спортските риболовци кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се здобиле со право на стопанисување со рибниот фонд на односната риболовна вода се должни во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да ја усогласат својата работа со условите утврдени со овој закон.

Член 61

Организациите на здружениот труд кои стопанисуваат со рибен фонд се должни во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на овој закон да определат пунктови за предавање на рибата.

Член 62

До донесувањето на основниот план, стопанисувањето со рибниот фонд на риболовното подрачје, потподрачје, односно ревир ќе се врши врз основа на привремениот план што го донесува организацијата на која рибниот фонд и е даден на стопанисување, но најдоцна до истекот на 1 година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Плановите донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон организациите на здружениот труд кои стопанисуваат со рибниот фонд и организациите на спортските риболовци се должни да ги усогласат во рок од 6 месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 63

Годишните дозволи за риболов издадени според досегашните прописи важат до крајот на 1984 година.

Член 64

Поблиски прописи за извршување на овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 65

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за рибарство („Службен весник на СРМ" број 15/73 и 44/76), а поблиските прописи донесени врз основа на него важат до донесувањето на прописите од член 64.

Член 66

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**359.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНИТЕ

Се прогласува Законот за критериумите и за начинот на обезбедување дополнителни средства за финансирање на општите општествени средства на општините,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година.

Бр. 08-2460
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНИТЕ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат критериумите и начинот на обезбедување дополнителни средства за финансирање на општите општествени потреби на општините чии сопствени приходи се недоволни за финансирање на тие потреби.

Член 2

Дополнителни средства се обезбедуваат на општина на која пресметаните калкулативни приходи се пониски од просечната буџетска потрошувачка на општините во Републиката по жител (просечна буџетска потрошувачка).

Како калкулативни приходи на општината, во смисла на овој закон, се сметаат приходите остварени од:

1. посебниот општински данок на промет на производи и услуги;

2. таксите и приходите според посебни прописи на општината;

3. данокот од личен доход од вршење на земјоделска дејност;

4. данокот од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност и

5. данокот на промет на недвижности и права и данокот на имот.

Член 3

Дополнителните средства и се обезбедуваат на општината во зависност од бројот на жителите и од просечната буџетска потрошувачка, и тоа:

— на општините до 15.000 жители — во висина од 30% над просечната буџетска потрошувачка;

— на општините од 15.001 до 30.000 жители — во висина од 15% над просечната буџетска потрошувачка;

— на општините од 30.001 до 50.000 жители — во висина на просечната буџетска потрошувачка;

— на општините од 50.001 до 100.000 жители — во висина од 90% од просечната буџетска потрошувачка и

— на општините над 100.000 жители — во висина од 85% од просечната буџетска потрошувачка.

Бројот на жителите по општини се утврдува врз основа на податоците од Републичкиот завод за статистика од последниот попис на населението.

Просечната буџетска потрошувачка се утврдува врз основа на потрошувачката во претходната година зголемена со порастот утврден со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија во годината за која се утврдуваат дополнителните средства.

Член 4

Дополнителните средства за буџетска потрошувачка според член 3 на овој закон се зголемуваат, и тоа:

— за општините во кои работењето на органите се одвива и на јазиците на народностите — во висина од 3 процентни поена и

— за општините што имаат државна граница од најмалку 15 км — во висина од 2 процентни поена.

Член 5

Пресметувањето на калкулативните приходи на општините од член 2 став 2 на овој закон ќе се врши, и тоа:

— за приходите од точките 1, 3 и 4 — со примена на просечна стапка на одделните видови приходи, а за делот од приходите од точка 4 кои се плаќаат во паушален износ — според остварувањето. Во општината во која со примена на просечната стапка, збирната стапка на зафаќање со даноци и придонеси од личен доход од вршење на земјоделска дејност е помала од просечната збирна стапка во Републиката, како калкулативни приходи се сметаат и разликата меѓу просечната збирна стапка на зафаќање со даноци и придонеси во Републиката и збирната стапка на зафаќање со даноци и придонеси во општината и

— за приходите од точките 2 и 5 — врз основа на реализираните приходи.

Калкулативните приходи од став 1 на овој член се утврдуваат врз основа на податоците од Службата на општественото книговодство на Социјалистичка Република Македонија — за остварувањето на сопствените приходи на општините и врз основа на оцените за нивното остварување во годината за која се утврдуваат дополнителни средства.

Член 6

Дополнителните средства на општините се обезбедуваат и се утврдуваат во Републичкиот буџет.

Член 7

Републиката може да ѝ обезбеди на општината и дополнителни наменски средства како свое учество за финансирање на одделни општи општествени потреби кои, поради посебните специфичности, ги зголемуваат трошоците на подрачјата на одделни општини.

Член 8

На општината на која дополнителните средства за 1985 година, утврдени според одредбите на овој закон, се помали од утврдените редовни дополнителни средства за 1984 година, разликата и се надоместува во висина од 50%.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за критериумите и начинот за обезбедување дополнителни средства за финансирање на општите општествени потреби на општините („Службен весник на СРМ“ број 41/78).

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

360.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗГРАДБАТА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО КАКО ПРИРОДНА РЕТКОСТ

Се прогласува Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на изградбата на комунални објекти за заштита на Охридското Езеро како природна реткост,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 26 септември 1984 година.

Бр. 08-2461
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗГРАДБАТА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО КАКО ПРИРОДНА РЕТКОСТ

Член 1

Со овој закон се обезбедуваат средства за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на изградбата на комунални објекти за заштита на Охридското Езеро како природна реткост и како светско културно и историско наследство признато од УНЕСКО.

Член 2

Социјалистичка Република Македонија учествува во финансирањето на изградбата на комунални објекти утврдени во програмата за заштита на Охридското Езеро од отпадни — загадени води со средства во износ од 1.000.000.000 динари.

Член 3

Средствата од член 2 на овој закон се обезбедуваат од посебниот републички данок на промет што се издвојуваат на посебна сметка.

Член 4

Средствата од член 2 на овој закон ќе се користат под услов општината Охрид и општината Струга да обезбедат средства како свое учество во висина од 40% од пресметковната вредност на објектите.

Член 5

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија дава согласност за поблиските намени за кои ќе се користат средствата од член 2 на овој закон.

За извршување на овој закон ќе се грижи Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и може да користи позајмица од средствата на Републиката.

Член 6

Се задолжува инвеститорот, по завршувањето на изградбата на комуналните објекти за заштита на Охридското Езеро, да поднесе извештај до Извршниот совет на Собранието на СР Македонија со документација за користење на средствата со кои учествува СР Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

361.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ДЕЛОТ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА

Се прогласува Законот за условите и начинот за здружување на делот од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за остварување на заеднички развојни програми во Социјалистичка Република Македонија во периодот од 1981 до 1985 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година.

Бр. 08-2473
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ДЕЛОТ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за условите и начинот за здружување на делот од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за остварување на заеднички развојни програми во Социјалистичка Република Македонија во периодот од 1981 до 1985 година („Службен весник на СРМ“ број 43/1981 година), во членот 1 по став 2 се додава нов став, кој гласи:

„За развојните програми од став 2, алинеја втора на овој член не се смета здружувањето меѓу организациите на здружениот труд во рамките на иста општина и градот Скопје, освен здружувањето во стопански недоволно развиените комуни во Републиката и здружувањето за остварување на развојните програми во приоритетните дејности утврдени во член 4 на овој закон“.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Организациите на здружениот труд делот од средствата на Фондот на Федерацијата можат да го здружат за остварување на заеднички развојни програми во дејностите на индустријата, земјоделството (освен овоштарството и лозарството), водостопанството) — за изградба на мали мелиоративни системи и акумулации, занаетчиство и малото стопанство“.

Член 3

Во членот 4 став 2 во четвртиот ред по зборот „година" се додаваат зборовите „и со Резолуцијата за општествено-економскиот развој во првата етапа од спроведувањето на Долгорочната програма за економска стабилизација и за економската политика на СР Македонија во 1984 година"

Во истиот став алинеите прва и втора се менуваат и гласат:

„— до 40% од пресметковната вредност на развојната програма, со која се обезбедува преориентација од течни на цврсти горива: во дејностите на производството на суровини и репроматеријали (неметали, производство и обработка на камен, базни хемиски производи и искористување на отпадоци на суровини и полуфабрикати); производство на сточна храна, занаетчиство и малото стопанство;

— до 50% од пресметковната вредност на развојната програма што ќе се остварува во производството кое обезбедува најмалку 40% извоз; металопреработувачка дејност; машиноградба; производство на сообраќајни средства; производство на електрични машини и апарати и други преработки од метали во сточарството (говедарство и овчарство); во полјоделството за освојување и активирање на необработени површини и нивно приведување во култура (сончоглед, шеќерна репка, маслодајна репка, памук, афион, крмни култури и житни култури)".

Член 4

По член 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

„Член 12-а

Самоуправните спогодби на организациите на здружениот труд за здружување на дел од средствата на Фондот на Федерацијата, регистрирани во Стопанската комора до влегувањето во сила на овој закон, ќе се остваруваат под услови и начин како што е договорено со склучените спогодби.

Анексите кои дополнително ќе се склучат по самоуправните спогодби регистрирани до влегувањето во сила на овој закон ќе се остваруваат според условите утврдени во склучените спогодби".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**362.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1984 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1984 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година.

Бр. 08-2444
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Томе Буклески, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1984 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1984 година („Службен весник на СРМ" број 37/83 и 21/84), во член 2 точка 1 став 2 зборовите „Кавадарци" и „Неготино" се бришат.

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок приходите на општините Кавадарци и Неготино можат да го надминат можниот пораст од 25%".

Во точка 11 процентот „33,1" се заменува со процентот „22".

Член 2

Во член 3 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во Републичката заедница на културата од изворни приходи за периодот октомври-декември 1984 година ќе се обезбедат до 140 милиони динари".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**363.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 септември 1984 година.

Бр. 08-2435
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ" број 39/82, 48/82, 23/83, 13/84 и 23/84), во член 26 став 1 на крајот точката се брише и се додаваат зборовите: „и за намирување на обврските на Републиката во финансирањето на изградбата на комунални објекти за заштита на Охридското Езеро од отпадни загадени води".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Издвојувањето на средствата од став 1 на овој член ќе се врши и тоа:

— за отплата на обврските по заемот за изградба и реконструкција на патиштата на СР Македонија, заклучно со 1985 година и

— за намирување на обврските на Републиката во финансирањето на изградбата на комунални објекти за заштита на Охридското Езеро од отпадни загадени води, до крајот на 1988 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**364.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УКИНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ШТИП

Се прогласува Законот за укинување на Економскиот факултет во Штип,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 јули 1984 година и на седницата на Собранието на Републичката заедница на образованието одржана на 25 септември 1984 година.

Број 08-2514
4 октомври 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА УКИНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ШТИП

Член 1

Се укинува Економскиот факултет во Штип.

Член 2

Економскиот факултет во Штип ќе престане со вршењето на дејноста во учебната 1984/85 година заклучно со 30 септември 1985 година.

Член 3

Затечените студенти на Економскиот факултет во Штип од учебната 1985/86 година ги продолжуваат студиите (настава и испити) на Економскиот факултет во Скопје, според наставните планови и програми на Економскиот факултет во Штип најдоцна до 30 септември 1989 година.

Студентите на Економскиот факултет во Штип кои во учебната 1983/84 година се запишале во I година, а се на отслужување на воениот рок, од учебната 1984/85 година се вклучуваат во студиите за I година на Економскиот факултет во Скопје, според наставните планови и програми на Економскиот факултет во Скопје.

Член 4

Правата, обврските и опремата на Економскиот факултет во Штип од 1 октомври 1985 година преминуваат на Економскиот факултет во Скопје.

Член 5

Економскиот факултет во Скопје наставата и испитите за затечените студенти на Економскиот факултет во Штип ќе ја организира во Штип, заклучно со 30 септември 1987 година.

Член 6

На работниците — наставниците и соработниците од Економскиот факултет во Штип им престанува работниот однос една година по завршувањето на учебната година во која имаат настава по дисциплините што ги предаваат според наставниот план, а на другите работници на 30 септември 1987 година.

Работниците од став 1 на овој член до престанокот на работниот однос ги остваруваат своите права и обврски на Економскиот факултет во Скопје.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**365.**

Врз основа на член 62 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 20-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" број 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ВО 1984 ГОДИНА

Член 1

Одлуката за привремено обезбедување на планираните средства за задоволување на заедничките потреби и интереси во областа на културата од општ интерес за Републиката во 1984 година („Службен весник на СРМ" број 14/84), точка 1 се менува и гласи:

1. Општинските самоуправни интересни заедници на културата кои не го обезбедуваат планираниот обем на средства за задоволување на заедничките потреби и интереси во областа на културата од општ интерес за Републиката за 1984 година утврден во рамките на предвидувањето со Резолуцијата за општествено-економскиот развој во првата етапа од спроведувањето на Долгорочната програма за економска стабилизација и за економската политика на Социјалистичка Република Македонија во 1984 година и со Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1984 година („Службен весник на СРМ" број 37/83 и 21/84) и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Берово | 2.675.000 |
| 2. | Битола | 25.723.000 |
| 3. | Македонски Брод | 959.000 |
| 4. | Валандово | 1.506.000 |
| 5. | Виница Македонска | 1.762.000 |
| 6. | Гевгелија | 10.620.000 |
| 7. | Гостивар | 7.902.000 |
| 8. | Дебар | 2.741.000 |
| 9. | Делчево | 5.747.000 |
| 10. | Демир Хисар | 1.259.000 |
| 11. | Кавадарци | 11.178.000 |
| 12. | Кичево | 6.650.000 |
| 13. | Кочани | 8.439.000 |
| 14. | Кратово | 3.152.000 |
| 15. | Крива Паланка | 3.244.000 |
| 16. | Крушево | 1.259.000 |
| 17. | Куманово | 18.469.000 |
| 18. | Неготино | 5.151.000 |
| 19. | Охрид | 16.241.000 |
| 20. | Прилеп | 17.143.000 |
| 21. | Пробиштип | 4.360.000 |
| 22. | Радовиш | 3.094.000 |
| 23. | Ресен | 3.412.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Свети Николе | 2.330.000 |
| 25. | Струга | 6.329.000 |
| 26. | Струмица | 14.656.000 |
| 27. | Тетово | 16.753.000 |
| 28. | Титов Велес | 15.763.000 |
| 29. | Штип | 13.574.000 |
| 30. | Скопје — „Центар" | 61.281.000 |
| 31. | Скопје — „Чаир" | 5.939.000 |
| 32. | Скопје — „Гази Баба" | 32.376.000 |
| 33. | Скопје — „Карпош" | 19.455.000 |
| 34. | Скопје — „Кисела Вода" | 25.817.000 |

се должни да го уплатат планираниот обем на средства на Републичката заедница на културата најдоцна до 31 октомври 1984 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2438
26 септември 1984 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

**366.**

Врз основа на член 41 од Законот за општествената самозаштита („Службен весник на СРМ" број 18/76) и точка IV од Одлуката за формирање Координационо тело за општествена самозаштита, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И СЕКРЕТАР НА КООРДИНАЦИОНОТО ТЕЛО ЗА ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат членовите на Координационото тело за општествена самозаштита на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, затоа што не се на работа во органите и организациите од кои се делегирани:

Душко Апостоловски,
Петар Тренчевски,
Јордан Спасовски и
Мицко Русковски.

За членови на Координационото тело за општествена самозаштита на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именуваат:

Зејнел Беговиќ заменик на Општествениот правобранител на самоуправувањето на Македонија,

Ѓорѓи Савов, директор на „ФАКОМ" — Скопје,

Иван Бабановски, виш предавач на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита и

Ѓорѓи Зарков, заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија.

За секретар на Координационото тело за општествена самозаштита на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Драган Бошковски, секретар на Советот за научно и техничко творештво.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2413
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**367.**

Врз основа на член 162 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ И ПАЗАР И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

I

Се разрешуваат од должноста член на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар, поради заминување на други должности, односно во пензија:

Катерина Бахчанџиева,
Душанка Христова,
Димитар Николовски и
Благоја Тикварски.

За членови на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар се именуваат:

Живорад Масларовски, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за сообраќај и врски.

Блага Андреевска, советник на претседателот на Републичкиот комитет за економски односи со странство,

Алексо Стаменковски, советник на републичкиот секретар за народна одбрана и

Благоја Мукаетов, секретар на Секретаријатот за промет, услуги, угостителство, туризам, мало стопанство и станбено-комунална дејност при Стопанската комора на Македонија.

II

За член на Републичкиот комитет за економски односи со странство се именува Петар Трајков, заменик на генералниот директор ГРО „Маврово" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2114
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**368.**

Врз основа на член 15 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на СРМ" број 45/77 и 8/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Се разрешува од должноста претседател на Советот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро д-р Ѓорѓи Филиповски, поради истек на времето за кое е именуван.

За претседател и член на Советот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро се именуваат:

за претседател

д-р Љупчо Групче, проф. на Биолошкиот факултет во Скопје и

за член

д-р Иван Чадо, директор на Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2415
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**369.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за образување Совет за научно и техничко творештво („Службен весник на СРМ“ број 14/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА НАУЧНО И ТЕХНИЧКО ТВОРЕШТВО

Се разрешуваат претседателот и членот на Советот за научно и техничко творештво, поради истек на времето за кое се именувани:

претседателот
д-р Славчо Бахчеванџиев и
членот
Јосиф Јордановски.

За претседател и член на Советот за научно и техничко творештво се именуваат:

за претседател
д-р Бранко Трпеноски, професор на Машинскиот факултет во Скопје и
за член
Иван Мицковски, дипл. маш. инж. — раководител во конструкторско одделение на ОЗТ за опрачка опрема при МЗ „Тито“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2416
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**370.**

Врз основа на член 92 став 1 точка 3 и член 222 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Се разрешува од член на Комисијата за претставки и предлози на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Стојан Јовановски, поради престанок на делегатската функција.

За член на Комисијата за претставки и предлози на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира

Никола Стојков, делегат во Соборот на здружениот труд.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2417
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**371.**

Врз основа на член 90 став 2 и 106 точка 9 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста претседател на Окружниот суд во Скопје Блаже Петковски, поради истек на мандатот.

Разрешувањето се врши со важност од 30 септември 1984 година.

За претседател на Окружниот суд во Скопје се избира Михаил Маневски, заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2418
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**372.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста заменик јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје Марко Бундалевски, поради именување на должност во друг орган.

За заменици јавни обвинители во Окружното јавно обвинителство во Скопје се именуваат:

Катерија Панева, заменик на Општинскиот јавен обвинител на град Скопје,

Стеван Павлески, заменик на Општинскиот јавен обвинител на град Скопје и

Стојан Стојковски, заменик јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2419
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р

**373.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје Бранко Ордановски, поради избор во друг суд.

Разрешувањето се врши сметано од 30 јуни 1984 година.

За постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје се избира Биљана Чакмакова, стручен соработник при Судот на здружениот труд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2420
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р

**374.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА ВО ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

За судија на Окружниот стопански суд во Скопје се избира Мируша Галип Еленовска, судија на Општинскиот суд Скопје II — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2459
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**375.**

Врз основа на член 90 став 2 и член 106 точка 6 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА

Се разрешуваат од должноста судии на Окружниот суд во Битола:

Костадин Лозановски, поради признато право на инвалидска пензија и

Славко Петковски, поради исполнување услови за пензија.

Разрешувањето се врши со важност од 1 октомври 1984 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2458
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**376.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

Се разрешува од функцијата претседател на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта Павле Тасевски, поради презафатеност.

За претседател на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта се именува

Саве Гаџовски, потпретседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2421
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гаџовски,** с. р.

**377.**

Врз основа на член 6 од Општествениот договор за книгата („Службен лист на СФРЈ" број 31/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА КНИГАТА

За член на Комисијата за следење спроведувањето на Општествениот договор за книгата се именува Живко Василевски, член на Претседателството на РК на ССРНМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2422
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гаџовски,** с. р.

**378.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Бошко Ивановски,
Павле Милев и
Кирю Кузмановски.

За претставници на општествената заедница во Советот на факултетот за ликовна уметност се именуваат:

Марика Бочварова, кустот во Музејот на современата уметност во Скопје,

Сашо Кузмановски, извршен секретар на Претседателството на ОК СКМ „Карпош" — Скопје и

Доне Тодоров, вајар — раководител на погон во ООУЗ „Заштита" при РО „Стакларница" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2423
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гаџовски,** с. р.

**379.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА И ДРАМСКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка и драмска уметност во Скопје поради истек на времето за кое е именуван Благоја Чонев.

За претставник на општествената заедница во Советот на факултетот за музичка и драмска уметност во Скопје се именува Бранко Момировски, референт за култура при Работната заедница Заеднички работи при СОЗТ МЗ „ТИТО" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2424
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гацовски**, с. р.

**380.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Работната организација Факултет за филозофско-историски науки во Скопје, поради истек на времето за кое е именуван Јелена Горачинова.

За претставник на општествената заедница во Советот на Работната организација факултет за филозофско-историски науки во Скопје се именува Драган Кузмановски, директор на Училишниот центар „Раде Јовчевски — Корчагин" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2425
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гацовски**, с. р.

**381.**

Врз основа на член 166 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНИ КОМИСИИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН ОДНОСНО КОЛЕГИЈАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН

I

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуални работоводни органи на Болницата за ортопедија, трауматологија и костнозглобна туберкулоза во Охрид се именуваат:

Ѓуро Милошевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, рендгенолог, раководител на ЕОЕ за радиологија и градни болести при Медицинскиот центар во Струга и

Васо Цветановски, член на Извршниот совет и секретар за здравство и социјална политика при Собранието на општина Охрид.

II

За членови на Конкурсната комисија за избор на колегијален работоводен орган на ООЗТ Клиника за кардиологија при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

Јован Цубалевски, член на Претседателството на РК на ССРНМ и

Живко Мартиноски, републички советник во Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2426
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гацовски**, с. р.

**382.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 септември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОЛЕГИЈАЛНИОТ РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ

За членови на Комисијата за избор на претседател на Колегијалниот работоводен орган на Универзитетскиот центар за медицински науки се именуваат:

Петар Џундев, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија и

Драган Петровски, извршен секретар на Претседателството на ОК СКМ — „Центар" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2427
26 септември 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Потпретседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Саве Гацовски**, с. р.

По извршувањето срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси, објавен во „Службен весник на СРМ" број 25/84, е поткрадната грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Во член 3, тарифен број 14, точка 1, потточка б), наместо бројот „100" треба да стои бројот „900".

Бр. 13-2453
19 септември 1984 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 21/84, се поткраднале грешки, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

1. Во член 32 во последниот ред наместо бројот „10" треба да стои бројот „100".

2. Во член 85 во последниот ред пред зборот „смеат" се додава зборот „не".

3. Во член 91 став 2 ред трети наместо зборот „опчекориле" треба да стои „опчекорило".

4. Во член 96 став 1 ред 5 зборовите „здравствена организација" се заменуваат со зборовите „(во натамошниот текст: здравствена организација).

5. Во член 128 став 1 зборот „за" во претпоследниот ред се заменува со зборот „на".

6. Во членовите 133 став 2 ред втори, 138 ред осми, 162 ред втори, 169 ред втори, 221 став 1 ред трети, став 2 ред втори и став 3 ред втори и 246 ред втори, зборовите „за безбедност" се заменуваат со зборовите „на безбедноста".

7. Во член 173 став 3 ред четврти наместо зборот „услови" треба да стои „условите".

8. Во член 180 ред трети буквата „и" се брише.

9. Во член 199 став 1 ред петти буквата „и" пред зборовите „на улиците" се заменува со буквата „а".

10. Во член 238 став 1 точка 13 ред први зборот „со" се заменува со зборот „во", во точка 18 ред трети наместо зборот „пресгорот" треба да стои „просторот" и во точка 25 ред први после зборот „земање" се додава зборот „на".

11. Во член 240 став 1 точка 1 бројот „56" во последниот ред се заменува со бројот „53".

Бр. 13-2454
19 септември 1984 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во насловот на Одлуката за именување на претседател и членови на Комитетот за општонародна одбрана и општествена самозаштита на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, објавена во „Посебниот службен весник на Социјалистичка Република Македонија", број 3 од 7 јули 1984 година, се поткраднала грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Насловот на Одлуката треба да гласи: „Одлука за именување на претседател и членови на Комитетот за општонародна одбрана и општествена самозаштита на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 13-2452
19 септември 1984 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА

**268.**

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84) и член 62 од Статутот на Републичката заедница на културата, Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 11 септември 1984 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ВО ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ 1984 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружениот труд и од личен доход од работен однос, за обезбедување средства на Републичката заедница на културата за задоволување на договорените заеднички потреби во областа на културата од општ интерес за Републиката.

Член 2

Во периодот октомври-декември 1984 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на Републичката заедница на културата и тоа:

— придонес од доходот на основните организации на здружен труд 0,27%

— придонес од личен доход од работен однос 0,20%.

Член 3

Организациите на здружен труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 2 на оваа одлука или 0,10%.

Организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичката дејност ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 2 на оваа одлука или 0,14%.

Член 4

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77) во областите на дејностите од 01 до 11.

Основица за пресметување на придонесот на основните организации на здружен труд претставува остварениот доход.

Член 5

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областите на дејностите од 12 до 14.

Член 6

Стапките на придонесите од член 2 на оваа одлука ги утврдува Собранието на Републичката заедница на културата, во согласност со Собранието на СР Македонија.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 октомври 1984 година.

Претседател,
**Јовица Станковски**, с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

358. Закон за рибарство — — — — — — — 657

359. Закон за критериумите и за начинот на обезбедување дополнителни средства за финансирање на општите општествени потреби на општините — — — — — 663

360. Закон за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на изградбата на комунални објекти за заштита на Охридското Езеро како природна реткост — — — — — — — — — — 664

361. Закон за изменување и дополнување на Законот за условите и начинот за здружување на делот од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за остварување на заеднички развојни програми во Социјалистичка Република Македонија во периодот од 1981 до 1985 година — — 664

362. Закон за изменување и дополнување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1984 година — — — — — — — 665

363. Закон за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги — — — — — — 665

364. Закон за укинување на Економскиот факултет во Штип — — — — — — — 666

365. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за привремено обезбедување на планираните средства за задоволување на заедничките потреби и интереси во областа на културата од општ интерес за Републиката во 1984 година — — — — 666

366. Одлука за разрешување и именување членови и секретар на Координационото тело за општествена самозаштита на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — — 667

367. Одлука за разрешување и именување членови на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар и именување член на Републичкиот комитет за економски односи со странство — — — — — 667

368. Одлука за разрешување и именување претседател и член на Советот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро — — — — — — — — — 667

369. Одлука за разрешување и именување претседател и член на Советот за научно и техничко творештво — — — — — — 668

370. Одлука за разрешување и избор на член на Комисијата за претставки и предлози на Собранието на СРМ — — — — — 668

371. Одлука за разрешување и избор на претседател на Окружниот суд во Скопје — 668

372. Одлука за разрешување и именување заменици јавни обвинители во Окружното јавно обвинителство во Скопје — — — — 668

373. Одлука за разрешување и избор на постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје — — — — — 668

374. Одлука за избор на судија во Окружниот стопански суд во Скопје — — — — — 669

375. Одлука за разрешување судии на Окружниот суд во Битола — — — — — 669

376. Одлука за разрешување и именување претседател на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта — — — — — — — — 669

377. Одлука за именување член на Комисијата за следење спроведувањето на Општествениот договор за книгата — — — — — 669

378. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Советот на факултетот за ликовна уметност во Скопје — 669

379. Одлука за именување претставник на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка и драмска уметност во Скопје — — — — — — — — 670

380. Одлука за именување претставник на општествената заедница во Советот на Работната организација Факултет за филозофско-историски науки во Скопје — — 670

381. Одлука за именување членови на конкурсни комисии за именување индивидуален односно колегијален работоводен орган 670

382. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на претседател на Колегијалниот работоводен орган на Универзитетскиот центар за медицински науки — 670

**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси — — — — — — — — 671

**Исправка** на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата — — — — — 671

**Исправка** на Одлуката за именување на претседател и членови на Комитетот за општонародна одбрана и општествена самозаштита на Собранието на СРМ — — 671

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

268. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Републичката заедница на културата во периодот октомври-декември 1984 година — — — — — — — — 671

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**